Бр.14-1560/4-1
23.11.2015
Б и т о л а

Врз основа на член 52 став 1 алинеа 16 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, на 137-та седница одржана на ден 23.11.2015 година, едногласно ја донесе следната

**О Д Л У К А**

1. Се усвојува Рефератот на Рецензионата комисија, објавен во Билтенот Бр.405 на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, за избор на наставник од научната област ***Англистика 64004*** на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид и во звањето ***редовен професор*** се избира ***д-р Ирина Петровска,*** за време од пет години.
2. Правата и обврските од работниот однос проф.д-р Ирина Петровска ги остварува во согласност со Законот за високото образование, Законот за работните односи, друг закон, колективен договор и други акти на Универзитетот и Факултетот, за што соодветен договор ќе склучи со Факултетот за туризам и угостителство – Охрид.
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.03.2016 година.

**О б р а з л о ж е н и е**

Факултетот за туризам и угостителство – Охрид распиша Конкурс за избор на наставник од научната област Англистика 64004, кој го објави во дневниот весник „Нова Македонија“ на ден 03.09.2015 година.

На Конкурсот се пријавија: вонреден професор д-р Ирина Петровска и м-р Марина Врвцоска.

Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, на својата седница одржана на ден 21.09.2015 година формира Рецензиона комисија за избор на наставник од научната област Англистика 64004, во состав: ред.проф.д-р Марија Јанева Михајловска, ред. проф. д-р Јованка Лазаревска Станческа и ред. проф. д-р Димитар Пандев,.

Рецензионата комисија изготви Реферат за избор на наставник од научната област Англистика 64004, кој беше објавен во Билтенот Бр.405 на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.

Во својот заклучок и предлог, Рецензионата комисија му предложи на Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола да ја избере проф. д-р Ирина Петровска за наставник од научната област Англистика 64004, во звањето редовен професор.

Врз основа на членот 52 алинеа 16, а во согласност со членот 125 од Законот за високото образование, Универзитетскиот сенат, на 137-та седница одржана на ден 23.11.2015 година, го усвои Рефератот на Рецензионата комисија и ја избра проф. д-р Ирина Петровска во звањето редовен професор од научната област Англистика 64004, на Факултетот за туризам и угостителство – Охрид, а одлучи и по другите точки содржани во изреката на Одлуката.

Во согласност со членот 134 став 1 од Законот за високото образование, (член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот за високото образование - Сл.весник на РМ бр.17/2011), проф. д-р Ирина Петровска е избрана во звањето редовен професор за време од пет години.

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.03.2016 година, бидејќи Одлуката за избор на д-р Ирина Петровска во звањето вонреден професор започнала да се применува на 01.03.2011 година, за време од пет години, па само по истекот на петте години може да се примени Одлуката за избор во повисокото наставно-научно звање редовен професор.

Подготвил и одобрил:
м-р Офелија Христовска

УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * БИТОЛА *

Проф. д-р Сашо Коруновски,
Ректор